**20241702957**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 август 2024 година.

Бр. 08-4032/1
13 август 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) во член 8 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, во случај на обезбедување на дополнителни средства со изменувањата и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија, надлежните министерства и фондовите во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на истите ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на капитални дотации.“.

Член 2

Во член 11 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на обезбедување на финансиски средства согласно со членот 8 став (5) од овој закон капиталната дотација се користи врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија согласно со закон.“.

Член 3

Во член 17 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Трансферот на капиталните дотации од Буџетот на Република Северна Македонија до општините се врши во рокови утврдени во договорот за капитални дотации склучен меѓу надлежните министерства и фондовите и општините.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.